# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.6/2016

## 30.06.2016 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за давање на согласност за времено користење на дел од објектот на ул.„ М.Тито“ во Неготино на КП.бр 9482 на Здружение ловечко друштво ВАРДАР Неготино и за отпочнување на постапка за изградба на објект на КП бр.8352/1 („Стара гимназија“) за потребите на ова здружение**

Се објавува Одлуката за давање на согласност за времено користење на дел од објектот на ул.„ М.Тито“ во Неготино на КП.бр 9482 на Здружение ловечко друштво ВАРДАР Неготино и за отпочнување на постапка за изградба на објект на КП бр.8352/1 („Стара гимназија“) за потребите на ова здружение, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 28.06.2016 година.

Бр.09_229/1
30.06.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 64 став 3 од Законот за локаланата самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 128 став 1 од Статутот на Општина Неготино („Сл.гласник на Општина Неготино„бр.3/2006, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 28.06.2016 година донесе

# О Д Л У К А

**За давање на согласност за времено користење на дел од објектот на ул.„ М.Тито“ во Неготино на КП.бр 9482 на Здружение ловечко друштво ВАРДАР Неготино и за отпочнување на постапка за изградба на објект на КП бр.8352/1 („Стара гимназија“) за потребите на ова здружение**

Член 1

Здружението ловечко друштво ВАРДАР Неготино е сопственик на објект-деловен простор со внатрешна површина од 70 м.кв.-„Ловечки дом“ до поранешната сала на ДТВ „Партизан“ во Неготино на кп.бр.10717/1 заведен во имотен лист бр2277 КО Неготино, кој влегува во градежната парцела бр.156 која е дел од Урбана заедница 6, дел од Урбан блок 6.1 „Градски пазар“ во Неготино и која градежна парцела е содржана во Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Неготино за 2016 година.

Управниот одбор и Собранието на Здружението ловечко дурштво ВАРДАР Неготино до општина Неготино доставија писмена согласност со која се согласуваат, општина Неготино да изврши оттуѓување на горенаведената градежна парцела и одстранување на горенаведениот објект на здружението и побараа општината да им обезбеди привремено сместување, а за трајно решавање на ова прашање, општината да започне процедура за изградба на нов објект за потребите на здружението.

Член 2

Со оваа одлука се дава согласност за времено користење на дел од објектот на ул.„ М.Тито“ во Неготино на КП.бр 9482 ( кој објект општина Неготино го доби на трајно користење врз основа на Одлука бр.42-11495/1-14 од 20.01.2015 година, Одлука бр. 42-11495/2-14 од 20.01.2015 година и Одлука бр. 42-11495/2-14 од 20.01.2015 година донесени од Владата на Република Македонија, а на кој право на користење претходно имаа Фондот на пензиското и инвалидско осигурување на Македонија и Фондот на здравственото осигурување на Македонија), од страна на Здружението ловечко друштво ВАРДАР Неготино и за отпочнување на постапка за изградба на нов објект на КП бр.8352/1 („Стара гимназија“) со димензии слични на постоечкиот објект на ова здружение.

Член 3

Се овластува Градоначалникот на општина Неготино за подетално регулирање на односите со здружението да склучи договор во кој ќе бидат инкорпорирани одредбите од оваа одлука и подетално ќе бидат разработени сите најважни прашања.

Член 4

Ова одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Неготино“.

Бр.08_223/4
28.06.2016 година

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

## З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за отпочнување на активности за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Неготино од сите ризици и опасности.**

Се објавува Одлуката за отпочнување на активности за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Неготино од сите ризици и опасности, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 28.06.2016 година.

Бр.09_229/2
30.06.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 22 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на Р.М„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 28.06.2016 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

**За отпочнување на активности за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Неготино од сите ризици и опасности.**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност да се отпочнат активности за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Неготино од сите ризици и опасности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во„Службен гласник на Општина Неготино„.

Бр.08_223/3
28.06.2016 година

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација**

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 28.06.2016 година.

Бр.09_229/3
30.06.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 2 став 1 алинеја 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ" број 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино" број 3/06, 2/2011 и 06/11), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 28.06.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација**

Член 1

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намена на бесправно изградени објекти кои треба да се вклопат со поединечни зони според намената на земјиштето и општиот режим на градење и употреба.

Член 2

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **326/3** КО Криволак – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградени објекти со број 1, 2 и 3, (според геодетски елаборат бр. 08-01-157/3 од 23.06.2016 година) со намена Г2- лесна и незагадувачка индустрија.

Член 3

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **326/3** и КП **327** КО Криволак – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект со број 4, (според геодетски елаборат бр. 08-01-157/3 од 23.06.2016 година) со намена А1- Домување.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Неготино".

Бр.08-223/6
28.06.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**П р е т с е д а т е л,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програмата за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Неготино за 2016 година**

Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Неготино за 2016 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 28.06.2016 година.

Бр.09_229/4
30.06.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 89 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.17/11, 53/11, 144/12, 25/13, 137/13 и 163/13), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 28.06.2016 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Неготино за 2016 година**

Член 1

Во Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Неготино за 2016 година се менува следното:

Во глава 2- Обем и преглед на градежното земјиште што е предмет на Програмата,
Во точка 2.1 ДУП за УЗ 3 Блок 1 Неготино (Одлука бр.07-701/5 од 28.12.2011 година и бр.08-229/3 од 06.07.2015) се додава нова градежна парцела:

| | |
|---|---|
| Број на градежна парцела | ГП бр.1.41 |
| вкупна површина во м2 | 409,00 |
| Намена на земјиште (основна класа) | А – Домување |
| Намена на земјиште опис | А1 – Домување во семејни куќи |
| броеви на катастарските парцели во состав на градежна парцела КП број | Дел од КП бр.11827 и дел од КП бр.9616/4 |
| Површина на градба | 198,00 |
| Бруто развиена површина | 792,00 |
| Процент на изграденост | 48,41 |
| коефициент на искористеност на земјиштето | 1,94 |
| максимална дозволена висина | 10,20 |
| Катност | П+2+ПК |
| Почетна/утврдена цена по м2 во мкд | 373,00 |
| Вкупна цена во мкд | 152.557,00 |

Во точка 2.12 ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.2 и УЗ 7 дел од УБ 7.3 (Одлука бр.08-296/11 од 18.09.2015 година) се додава нова градежна парцела:

| | |
|---|---|
| Број на градежна парцела | ГП бр.50 |
| вкупна површина во м2 | 370,00 |
| Намена на земјиште (основна класа) | А – Домување |
| Намена на земјиште опис | А1 – Домување во станбени куќи |
| броеви на катастарските парцели во состав на градежна парцела КП број | КП 10462 и дел од КП 10477 |

| | |
|---|---|
| Површина на градба | 163 |
| Бруто развиена површина | 652 |
| Процент на изграденост | 44,1 |
| коефициент на искористеност на земјиштето | 1,76 |
| максимална дозволена висина | 10,20 |
| Катност | П+2+пк |
| Почетна/утврдена цена по м2 во мкд | 373,00 |
| Вкупна цена во мкд | 138.010,00 |

По точка 2.13 се додава нова точка 2.14:
ДУП за УЗ 4.3 Неготино (Одлука бр.08-418/4 од 25.12.2015 година)

| Број на градежна парцела | ГП бр.1.33 |
|---|---|
| вкупна површина во м2 | 4.571,00 |
| Намена на земјиште (основна класа) | В-јавни иснтитуции |
| Намена на земјиште опис | В2-здраство и социјална заштита |
| броеви на катастарските парцели во состав на градежна парцела КП број | Дел од КП бр.11560 |
| Површина на градба | 2.267,00 |
| Бруто развиена површина | 9.068,00 |

| | |
|---|---|
| Процент на изграденост | ////// |
| коефициент на искористеност на земјиштето | ///// |
| максимална дозволена висина | 14,50 |
| Катност | П+2+ПК |
| Почетна/утврдена цена по м2 во мкд | 100,00 |
| Вкупна цена во мкд | 457.100,00 |

Член 2

Во точка 5 табеларниот дел се менува и истиот гласи:

| | денари |
|---|---|
| Детален урбанистички план за УЗ 3.1 | 1.894.037,00 |
| Детален урбанистички план за Урбана заедница 5 и Урбан блок 5.1 | 1.801.587 ,00 |
| Детален урбанистички план за град Неготино | 28.182,00 |
| ДУП локалитет „ИНДУСТРИСКА ЗОНА“ Урбан блок 1- Неготино | 108.031,00 |
| УПВНМ за дел од КП 330, м.в. Црно Поле , КО Црвени Брегови | 750.300,00 |
| УПВНМ за КП 1751 –дел КО Неготино Општина Неготино | 458.049,00 |
| УПВНМ за дел од КП 680 КО Курија Општина Неготино | 1.155.950,00 |
| УПВНМ за КП 648 КО Курија, Општина Неготино | 528.260,00 |
| УПВНМ м.в.Раткин Дол за изградба на сончеви фотоволтаични централи на дел од кп 1086/1, КО Неготино | 559.309,00 |
| Детален урбанистички план за УЗ 8 | 42.639,00 |
| УПВНМ за стопански комплекс за изградба на сепаратно построение и погон во м.в. „Ливадиште“ КО Криволак | 1.094.218,00 |
| ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.2 и УЗ 7 дел од УБ 7.3 | 1.917.966,00 |
| ДУП за дел од УЗ 6, дел од УБ 6.1 „Градски пазар“ | 1.318.720,00 |
| ДУП за УЗ 4.3 Неготино | 457.100,00 |
| Општина Неготино 80% | 9.691.478,00 ден. |
| Република Македонија 20% | 2.422.869,00 ден. |

Член 3

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.08-223/6
28.06.2016

Претседател на Советот
на општина Неготино
Јордан Паунов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за доделување на еднократна парична помош поради елементарна непогода-пожар**

Се објавува Решението за доделување на еднократна парична помош поради елементарна непогода-пожар, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 28.06.2016 година.

Бр.09_229/5
30.06.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 28.06.2016 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За доделување на еднократна помош поради елементарна непогода-пожар**

Член 1

Се доделува еднократна помош поради елементарна непогода – пожар на следните лица:

- Темов Димче од Неготино во износ од 30.000,00 денари за санирање на штетата од пожар настаната во неговата куќа на ул.„Станко Франц Пипан“бр.4 во Неготино
- Јован Ристов од с.Долни Дисан во износ од 30.000,00 денари за санирање на штетата од пожар настаната во неговата куќа во с.Долни Дисан.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08_223/7
28.06.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за доделување на еднократна парична помош**

Се објавува Решението за доделување на еднократна парична помош, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 28.06.2016 година.

Бр.09_229/6
30.06.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 28.06.2016 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За доделување на еднократна парична помош**

Член 1

Се доделува еднократна парична помош на следните лица:

- Блажо Здравков од Неготино во износ од 10.000,00 денари
- Лена Ангелова од Неготино во износ од 10.000,00 денари

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.08_223/8
28.06.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за доделување на финансиска помош**

Се објавува Решението за доделување на финансиска помош, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 28.06.2016 година.

Бр.09_229/7
30.06.2016

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06 , 2/11 , 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 28.06.2016 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За доделување на финансиски средства**

Член 1

За подршка на активностите во областа на шахот и обезбедување на дел од неопходните финансиски средства за настап на младинскиот прввак на Македонија до 16 години Тони Лазов се доделуваат финансиски средства на неговиот родител Петар Лазов од Неготино во износ од 12.000,00 денари.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08_223/9
28.06.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

# С О Д Р Ж И Н А

## на Службен гласник бр. 6/2016

1. Заклучок за објавување на Одлуката за давање на согласност за времено користење на дел од објектот на ул.„ М.Тито“ во Неготино на КП.бр 9482 на Здружение ловечко друштво ВАРДАР Неготино и за отпочнување на постапка за изградба на објект на КП бр.8352/1 („Стара гимназија“) за потребите на ова здружение Стр.1

2. Одлука задавање на согласност за времено користење на дел од објектот на ул.„ М.Тито“ во Неготино на КП.бр 9482 на Здружение ловечко друштво ВАРДАР Неготино и за отпочнување на постапка за изградба на објект на КП бр.8352/1 („Стара гимназија“) за потребите на ова здружение Стр.2

3. Заклучок за објавување на Одлуката за отпочнување на активности за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Неготино од сите ризици и опасности Стр.3

4. Одлука за отпочнување на активности за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Неготино од сите ризици и опасности Стр.4

5. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација Стр.5

6. Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација Стр.6

7. Заклучок за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Неготино за 2016 година Стр.7

8. Програма за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Неготино за 2016 година Стр.7-11

9. Заклучок за објавување на Решението за доделување на еднократна парична помош поради елементарна непогода-пожар Стр.11

10.Решението за доделување на еднократна парична помош поради елементарна непогода-пожар Стр.12

11.Заклучок за објавување на Решението за доделување на еднократна парична помош Стр.13

12.Решението за доделување на еднократна парична помош Стр.13

13.Заклучок за објавување на Решението за доделување на финансиска помош Стр.14

14.Решението за доделување на финансиска помош Стр.14